ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 32 став 4 точка 8 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1991, 46/1993, 46/1993, 55/1995, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007, 77/2008, 67/2009, 88/2010, 44/2011 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.3.2012 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

1. Во Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за 2012 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2012) во Делот X „ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА", во точката 1.1 „За активности на Црвениот крст на Република Македонија", табелите „Изготвување на здравствено – воспитни и пропагандни материјали:" и „Јубилејни признанија и мотивациони средства" се заменуваат со нови табели, кои гласат:

**„Изготвување на здравствено – воспитни и пропагандни материјали":**

| Ред. Бр. | Вид на дејност | Количина | Единечна цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Плакат "повик" | 20.000 | 6,00 | 120.000,00 |
| 2. | Плакат за 17 Март | 2.000 | 20,00 | 40.000,00 |
| 3. | Евидентни листови за крвни акции | 10.000 | 2,00 | 20.000,00 |
| 4. | Флаер/агитка | 20.000 | 3.00 | 60.000,00 |
| 5. | Картички за повик | 40.000 | 2,00 | 80.000,00 |
| 6. | **Одбележување на 17 март и 14 јуни** | | | **287.060,00** |
| **ВКУПНО (А):** | | | | **607.060,00** |

**„Јубилејни признанија и мотивациони средства":**

| Ред. Бр. | Вид на дејност | Количина | Единечна цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Значка за 5-то дарување | 3.000 | 35 | 105.000,00 |
| 2. | Значка за 10-то дарување | 2.000 | 35 | 70.000,00 |
| 3. | Значка за 25-то дарување | 1.000 | 35 | 35.000,00 |
| 4. | Плакета за 50-то дарување | 200 | 900 | 180.000,00 |
| 5. | Плакета за 75-то дарување | 50 | 900 | 45.000,00 |
| 6. | Плакета за 100-то дарување | 20 | 900 | 18.000,00 |
| 7. | Признанија за општини со исполнет план за крводарителство | 24 | 2000 | 48.000,00 |
| 8. | Печатење на Јубилејни благодарници | 6.000 | 7 | 42.000,00 |
| 9. | Пренесени обврски од 2011 година | | | 812.940,00 |
| **ВКУПНО (Б):** | | | | **1.355.940,00** |

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-1745/1
23 март 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р Зоран Ставрески, с.р.